СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

E4E@мк

*„Економски развиена држава се потпира на здравиот бизнис, а бизнисот се потпира на силното образование“*

*„Знаењето без пракса е некорисно,
а праксата без знаење е опасна“
Конфуциј*

# „СИНЕРГИЈА НА ПАРТНЕРИТЕ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА“











**Публикацијата е изработена од**
Стопанската комора на Северна Македонија

**Логистика и техничка поддршка:**
Михајло Донев, соработник

**Графичка обработка:**
Стево Серафимов, експерт

*Оваа публикација е изработена од страна на Стопанската комора на Северна Македонија. Ставовите изразени во публикацијата се на авторите и не мора да се совпаѓаат со мислењата и со политиката на Проектот, односно со тие на организациите кои го имплементираат Проектот и на донаторот.*

Ако брзиот технолошки развој го менува светот, тогаш образовниот систем треба во чекор да ги следи промените и да произведува млада популација со соодветни вештини и знаења, која ќе биде препознаена на пазарот на трудот, ќе може бргу и лесно да се вклучи во современите економски текови и ќе заработува во технолошки напредна и светски компетитивна економија.



Праксата покажува поинаква слика. Образованието во нашата земја не ги одразува реалните потреби на бизнисот и не успева да произведе стручен кадар и во доволен број. Затоа, бизнис-заедницата подолг период наназад се соочува со недостиг од стручен кадар, кој му е потребен за одржлива продуктивност во работењето и за подигнување на квалитетот на услугите и на производите. Тоа ја намалува и можноста за нови инвестиции и за раст и развој на компаниите.

Проблемот со недостиг на кадар Стопанската комора на Северна Македонија го детектира уште во далечната 2007 година. По направените првични анализи, како Комора се насочивме кон кадровско екипирање за оваа проблематика и на проблемот му пристапивме со многу сериозност, и на содржинско, и на оперативно ниво.

На содржинско ниво учествувавме во креирањето, развојот и во спроведувањето на политиките во формалното стручно образование и обука. Заедно со Министерството за образование и наука и со Центарот за стручно образование и обука, и со директно вклучување на компании, членки на Комората, учествувавме во креирањето на законската регулатива, програмските документи и на стандардите за создавање функционално стручно образование. **Учествувавме во изработката на над 250 стандарди на занимања, над 100 стандарди на квалификации и на 85 образовни програми за стекнување квалификации.** Заедничкото учество на компаниите и на Комората придонесе да се креираат образовни програми во формалното образование според потребите на бизнисот.

На оперативно ниво обезбедивме **практична обука во компаниите преку реализација на програмите за учење преку работа, преку сертифицирање на околу 350 ментори од 250 компании и преку верификација на 30 компании.**

Комората е свесна дека градењето образовен систем според барањата и потребите на бизнисот бара високо ниво на сложена координација меѓу образовните институции, работодавачи, коморите и организацијата на работодавачи, како и визија, дефинирање приоритети и меѓусебно разбирање на заедничката цел – креирање образовен систем кој создава кадар кој во текот на образовниот процес ќе се стекне со соодветните вештини и знаења што ги бара пазарот на трудот.

Стопанската комора на Северна Македонија, како најмоќна бизнис-асоцијација, смета дека е најсоодветно да им го пренесе искуството на дејствување на полето на образованието и на другите парнери – на коморите и на Организацијата на работодавачи – и заеднички со образовните институции да гради пазарно ориентирано стручно образование и обука.

За таа цел беше организирана конференција, како израз на заедничкото дејствување на сите учесници во стручното образование за создавање кадар кој ќе поседува практични вештини и функционално знаење, затоа што ако не го сториме тоа, цената ќе ја плаќаме сите – и завршените ученици и компаниите што ги вработуваат, но и целата македонска економија.

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (СКСМ)

Најстарата и најбројна бизнис-асоцијација во земјава, со традиција од 1922 година. За неполни 220 дена ќе ја прославува својата 100-годишнина од формирањето. Стопанската комора на Северна Македонија е референтна институција за бизнисот во нашата земја. Членовите на Комората имаат доминантно учество во воспоставувањето на сите макроекономски индикатори на ниво на држава (БДП, надворешно трговска размена, вработување, намирување на обврските кон државата итн.). **Половина од вкупниот приход во приватниот сектор, или 50,3 %, го генерираат компании членки на нашата комора; речиси половина од нето-добивката во приватниот сектор, или 47,6 %, ја генерираат компании, членки на нашата Комора, а секој трет вработен во државава, или 33,7 %, е вработен во фирмите, членки на нашата Комора.**

Комората е социјален партнер за многу прашања од интерес на своите членови (правна легислатива, меѓународна трговска размена, даночен и царински систем, финансиски систем, стручна обука, едукација и развој на човечки ресурси). Еден од трите приоритети на кои работи Комората е образованието (сите системи на образование: формално, со фокус на дуалното образование и на учењето преку работа во компанија, и неформално образование, со фокус на обуки за преквалификации и за доквалификации и за развој на човечки ресурси преку обуки, семинари и работилници).

## ЗА ПРОЕКТОТ „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Е4Е@МК)“

Главна цел на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“ е да придонесе за пристојно вработување на младите, со посебен акцент врз ранливите групи, на социјално инклузивен и на одржлив начин. Зголемена вработеност ќе се постигне преку системски пристап, кој се фокусира на пазарно ориентирана понуда на неформални обуки за стручни вештини и на формално стручно образование и обука, како и на подобрена законска регулатива за формалното и за неформалното стручно образование и обука, како основа за зголемена можност за вработување на младите лица.



Резултатите кон кои се насочени проектните активности имаат цел:

1. сé повеќе граѓани да ги користат можностите на подобрената понуда на инклузивна, неформална обука за стручни вештини;
2. учениците да се здобиваат со формално стручно образование, усогласено со потребите на пазарот, преку соработка меѓу училиштата и работодавците;
3. подобрената регулатива да овозможува подобри услови и пристап до пазарно ориентираното формално и неформално стручно образование.

Во насока на подобрување на понудата на формално и на неформално стручно образование и обука, проектот ќе ги поддржи системските промени во формалното и во неформалното стручно образование и обука, преку зајакнување на партнерствата меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, како и преку зајакнување на капацитетите на заинтересираните страни за успешен развој, за примена и за набљудување на пазарно ориентираниот систем на формално и на неформално стручно образование и обука, во согласност со ЕУ-регулативата, а ќе стимулира и промени во политиките, во регулативите и во правната рамка, со цел поповолна правна рамка за системот на формално и на неформално стручно образование и обука во Македонија.

Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е@мк)“ е проект финансиран од Швајцарската агенција за развој и за соработка, а применет од „Хелветас“, Македонскиот центар за граѓанско образование и од Стопанската комора на Северна Македонија.













Конференцијата на тема **„Синергија на партнерите во обезбедувањето пазарно ориентирано стручно образование и обука“**, со поддршка на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“, се одржа на 8 јули 2021 година во Хотел „Белви“ во Скопје.

Целта беше да се нагласи улогата на коморите и на Организацијата на работодавачи во процесот на подобрување на политиките за вклучување на компаниите во стручното образование и обука и за постигнување синергија на партнерите во креирањето пазарно ориентирано стручно образование и обука за обезбедување стручен кадар според напредните технолошки процеси и според организациската поставеност на компаниите.

Конференцијата се реализираше преку два панела за пренесување искуства на институциите на меѓународно и на национално ниво.

I панел: *Клучните партнери во стручното образование и обука – меѓународни практики*

- Федерален институт за стручно образование и обука на Швајцарија
- Федерална стопанска комора на Австрија
- Стопанска комора на Србија
- Европска фондација за обука

II панел: *Квалитетно и пазарно ориентирано стручно образование и постигнување win-win ситуација*

- Центар за стручно образование и обука
- Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ
- Стопанска комора на Северо-Западна Македонија
- Занаетчиска комора на Град Скопје
- Организација на работодавачи
- Компанија „РОНТИС ДООЕЛ“ – Велес

Воведувач



м-р Наташа Јаневска

Модератор на конференцијата:



Анета Петровска-Русомаровски – I панел



Даниела Василевска-Михајловска – II панел

# КЛУЧНИ ПОЕНТИ



**м-р Антони Пешев – извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија**
„Сакаме систем кој ќе биде современ, ефикасен, едноставен за примена и, пред сé, систем кој ќе создаде млади луѓе кои ќе се вклучат во процесот на работа што е можно побргу, дури и пред завршувањето на образованието.“



**д-р Арафат Шабани – заменик-министер за образование и наука**
„Со силно партнерство и со решителност во креирањето нови образовни политики, со кои особено се унапредува средното стручно образование во земјава, се создаваат услови за обезбедување на потребниот кадар за компаниите, но и се зголемува можноста за вработување на младите и за нивна подобра иднина во државата.“



**Курт Витрих – тим-лидер на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е@мк)“**
„Амбасадата на Швајцарија континуирано го поддржува развојот на пазарно ориентираното средно стручно образование преку проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е@мк)“. Швајцарската филозофија при примената на проекти се заснова на долгорочни заложби, соработка и на интервенции во системот, наместо на создавање паралелни структури, па затоа во сите процеси соработуваме со партнери, министерства, асоцијации и со претпријатија. Трансферот на знаење е важен елемент од развојниот домен, па затоа се обидуваме да ги донесеме најдобрите швајцарски и меѓународни практики во Северна Македонија. Стапката на невработеност кај младите во Северна Македонија е 35 %, речиси двојно повисока од онаа во ЕУ, која изнесува 17 %, за разлика од Швајцарија, која бележи 8 % невработеност кај младите, што е одраз на позитивното влијание на дуалното образование.“

## I панел



**м-р Дидиер Гелиберт**
**Европска фондација за обука**
„Два фактора се потребни за да можат коморите да ги унапредуваат стручното образование и примената на дуалното образование: човечките ресурси и финансиите. Кон оваа проблематика треба да се пристапи од различни аспекти: макроаспект, микроаспект и секторски аспект."

**м-р Мирјана Ковачевиќ**
**Стопанска комора на Србија**
„Први од земјите на Западен Балкан го регулиравме дуалното образование со закон, во кој го уредивме процентот на практична обука во компанија и надоместот што треба да го добие ученикот. За тие потреби, Комората направи реорганизација според принципот на австриската Комора, а секторот за образование во Комората го зајакнавме со човечки потенцијал."





**м-р Томас Реинбахер**
**Федерална стопанска комора на Австрија**
„Дуалниот систем на образование ја намалува невработеноста и се поврзува со економијата. Во австрискиот систем има само една Федерална комора, во чии рамки постојат повеќе регионални комори, но само Федералната комора се грижи за примената на дуалниот систем на образование. Расцепканоста на повеќе комори ја оневозможува примената на дуалното образование. Гледано од наш аспект, треба да се определи една комора, зајакната со човечки ресурси, која ќе се занимава со стручното образование и обука."

**м-р Ерик Сварс**
**Федерален институт за стручно образование и обука на Швајцарија**
„Триесет проценти од компаниите во Швајцарија се вклучени во дуалното образование, не затоа што им е обврска, туку затоа што самите сакаат да обезбедуваат кадар за своите потреби! Од компаниите вклучени во дуалното образование, 80 % се мали и средни претпријатија."



# II панел



**Анета Пешева**
**МАСИТ**
„Сите показатели нè водат кон заклучокот дека постои огромен недостиг на ИТ-стручен кадар, па затоа е потребно воведување дуално образование и за ИКТ. Исто така, многу е важно да се ревидира даночниот систем за ИКТ-секторот, особено за младите кои работат во ИТ-компаниите.“

**м-р Дриљон Исени**
**Стопанска комора на Северо-Западна Македонија**
„Потребна е трансформација на кадарот внатре во компаниите, преку процесот на доквалификација, за воведување нова култура на работење во компаниите.“





**Анета Атанасовска**
**Занаетчиска комора на Град Скопје**
„Неформалното образование дава резултати на краток и на среден рок, но за обезбедување кадар на долг рок треба да се насочиме кон формалното стручно образование и обука. На тој начин ќе создадеме конкурентен занаетчиски сектор.“



**д-р Владанка Трајкоска**
**Организација на работодавачи на Македонија**
„ОРМ, преку 12-те функционални, локални економско-социјални совети, посуштински ги согледува потребите на работодавците. Конкретни примери се ЛЕСС на Тетово и на Струга, кои во соработка со стручните училишта ги модернизираа програмите за креирање кадар преку процесот на преквалификација.“

**Љубица Јаневска**
**компанија „РОНТИС“ ДОО, Велес**
„Обезбедувањето кадар го започнавме преку неформалното образование, со реализација на обуки за невработените, според спецификите на работење на нашата компанија, но сфативме дека кадарот во иднина можеме да го обезбедиме ако сами вложуваме во негово креирање, преку формалното образование со вклучување во дуалниот модел на образование.“





**м-р Ардијана Исахи Палоши**
**Центар за стручно образование и обука**
„Ако во 2010 година засегнатите страни седнавме на заедничка маса и потпишавме меморандум за воспоставување соработка, од денешна перспектива зборуваме за јакнење на соработката и за создадени партнерства.“

# ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА

Врз основа на ставовите изнесени на конференцијата од учесниците во панел-дискусиите, како клучни поенти од настанот произлегуваат заклучоците кои се основа за иницирање натамошни активности на национално и на локално ниво, во насока на воспоставување образовен систем кој ќе произведува кадар за потребите на бизнисот, со крајна цел поголема придобивка за македонската економија.

Заклучоците, во согласност со важноста, се подредени според следниот редослед:

**1. Дефинирање среднорочна стратегија за развој со согледување на потребите од профилот на работна сила потребна за непречен раст на економијата**

**2. Изработка на анализи за дефицит на кадар по сектори**

**3. Дефинирање концепт и активности за враќање на атрактивноста на стручното образование и обука**

**4. Дефинирање концепт и активности за зајакнување на улогата и практичната обука кај работодавач, учењето преку работа и феријалната практика**

**5. Воведување дуални паралелки за обезбедување ИКТ кадри**

**6. Ревидирање на даночниот систем во ИКТ секторот, посебно за младите**

**7. Дефинирање концепт со активности за развивање дигитални вештини**

**8. Обезбедување обуки за преквалификација и доквалификација на кадри преку неформалното и доживотно учење за обезбедување кадар**

**9. Транформација во работењето преку доквалификација на кадарот**

**10. Заедничката соработка на коморите и организацијата на работодавачи е непходна за креирање и носење на образовните политики**

**11. Поттикнување на компаниите да почнат да размислуваат за поагресивно вклучување во процесот на образование и во креирање на уписната политика**

**12. Зајакната соработка и поврзаност со Агенцијата за вработување на РСМ**

**13. Професионалност во работењето на институциите за да помогнат во образовните процеси (во формалното и неформалното образование)**

# БЛАГОДАРНОСТ

Изразуваме благодарност до учесниците на конференцијата, кои со целосна одговорност прифатија да учествуваат во панел-дискусиите и со своето искуство и со заедничките заклучоци да помогнат во унапредувањето на стручното образование и обука во нашата земја, што ќе биде од корист за бизнисот и за економијата во целост.

Благодарност и до проектот „Образование за вработување на Северна Македонија“ и на тим-лидерот на проектот, г. Курт Витрих, за поддршката што ја даваат во унапредувањето на стручното образование и обука, што ќе придонесе за полесно вработување на поединецот.

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA